# ЖЕНИТЕ ВО ДЕЛОВНИОТ СВЕТ И МЕНАЏМЕНТОТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Раководител на проект:** доц. д-р Александар Даштевски

**Нарачател:** Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

**Изведувач:** Факултет за менаџмент на човечки ресурси, Универзитет за туризам и менаџмент во Скопје

## Оправданост на истражувањето

Присуството и статусот на жената во работниот свет е значително подобрена во последните неколку години. Сепак, прогресијата на професионалните жени на лидерски позиции во Република Македонија е доста бавна. Во Република Македонија на менаџерски и лидерски позиции има само 12% жени. Најголемиот број микро и мали претпријатија се раководени од жени, а 30 % од новите помали компании се отворени од жени. Сепак, жените во Република Македонија се уште се соочуваат со потешкотии за завземање на лидерски позиции во нивната средина која е високо доминирана од машкиот свет без оглед на секторот на вработувањето.

Постои силен деловен предизвик за зајакнување на придонесот на жените на извршни позиции за постигнување на организациските цели. На ова се надоврзуваат правните и етичките аргументи за учество на жените на извршните позиции. Се поголемите општествени очекувања за еднакви можности не можат повеќе да бидат игнорирани. Значителните промени ќе бараат посветен лидерски фокус кој може да биде постигнат со привлекување и ангажирање на квалитетни жени-менаџери и оптимизирање на придонесот на жените во менаџментот.

Во последните неколку декади, се покомпактниот и глобално компетитивен пазар на труд се соочи со уникатни напори на деловната заедница за промовирање и ангажирање на жените. Голем број на организации од граѓанскиот сектор во РМ повикуваат на усвојување стратегии за олеснување на родовиот диверзитет на работните места. Иако фокусот и на овој научно истржувачки проект е на родовиот диверзитет и еднаквите можности, сепак многу од проблемите кои ќе бидат елаборирани во студијата ќе опфатат поширок домеин кој очекуваме да резултира во практично исклучување на одредени групи од бенефиции долго време припишувани на една доминантна култура.

**Цел на истражувањето**

Целта на истражувањето е да ги открие и проучи несвесните и деликатни инхибитори за овозможување позитивно искуство и целосно искористување на жените на извршни и менаџерски позиции. Анализата опфаќа силни организациски елементи кои ги обликуваат искуствата на жените во корпоративна Македонија. Резултатите ќе придонесат за пошироко обелоденување на имплицитните бариери за женскиот кариерен развој и ретенција и ќе ги поттикне организациите да се вклучат во агендата за диверзитет во Македонија.

**Истражување**

Менаџерската литература опфаќа непишани правила и аранжмани кои ги ја регулираат структурата на работното место и половата динамика. Овие елементи на организациската култура се субјективни и моќни. Тие имаат потенцијал за ограничување на женските можности за унапредување и потценување на нивното искуство на работното место. Многу меѓународни и домашни студии имаат идентификувано корелација помеѓу множеството од структурни и културни сили и подпросечното застапување на жените на сениорски функции. Значителни истражувања на културата на лидерството и авторитеот во корпоративните средини утврдиле дека улогата на полот, сексуалната припадност и моќта имаат значителен удел во кариерниот развој на жената.

Истражувањето ќе ја следи оваа насока но ќе продолжи со понатамошно, продлабочено адресирање на јазот во нашето разбирање за влијанието на организациската поставеност кога се во прашање жените на работното место. Анализата ќе се базира на 100 продлабочени интервјуа со жени и мажи на среден и висок менаџмент. Истите ќе бидат обезбедени од широк спектар на индустриски сектори и дисциплини и од приватниот и од државниот сектор.

**Време:** април 2017 до декември 2017

**Проектен тим/истражувачи:**
Доц. д-р Александар Даштевски – координатор на проект
Проф. д-р Александра Стоилковска
Доц. д-р Јана Илиева
Доц. д-р Наташа Ристовска
Проф. д-р Виолета Миленковска

**Координатор за методологија на истражување (од изработка до реализација):**
Доц. д-р Дејан Наковски

**Координатор за организации и студенти:**
асс. м-р Гордана Серафимовиќ
асс. м-р Марина Стојмирова

**Статистичка обработка на податоци:** студенти од Факултетот за менаџмент на човечки ресурси